„Јас не сум испратен да проколнувам – јас сум испратен како милост.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува: Се рече: „О, Аллахов пратенику, направи дова против многубожците!“ Тој одговорил: „Јас не сум испратен да проколнувам – јас сум испратен како милост.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Од Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, било побарано да направи дова (да се помоли) против оние што Му прават ширк на Аллах. Но тој појаснил дека не е испратен да ги проколнува луѓето и да ги оддалечува од Аллаховата милост, со што би ги лишел од доброто. Напротив – неговата мисија е да биде причина за добрина и милост за целото човештво, воопшто, а особено за верниците.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/66272